Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-272/8
Датум: 28-05-2024

Постапувајќи по претставка бр. 08 - 272/1 од 27.02.2024 година поднесена од д ,, со живеалиште на против Општина Македонски Брод и Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија (Синдикат на УПОЗ), за заштита од дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.04.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на нечленување во синдикална организација во областа на работата и работните односи од страна на Општина Македонски Брод кон

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија во областа на членување и дејствување во синдикални организации.

## Образложение

На 27.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 272/1, од страна на подносителот за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи врз основа на нечленување во синдикална организација, од страна на Општина Македонски Брод и Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија.

Согласно наведеното во претставката, подносителот е вработен во општина Македонски Брод на работно место , со звање – Во претставката се наведува дека Општина Македонски Брод, Синдикатот на УПОЗ и синдикалната организација при Општина Македонски Брод на 26.01.2024 година склучиле Колективен договор на Општина Македонски Брод. Со Колективниот договор се регулирани правата, обврските и одговорностите во врска со работниот однос на вработените во општината. Подносителот потенцира дека иако во прембулата на Колективниот

договор е наведено дека истиот е донесен во согласност со регулативата која ја уредува положбата на работникот, сепак во неговата содржина стојат одредби кои според подносителот се во спротивност со цитираните закони и предизвикуваат продолжена директна дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација. Имено, подносителот пред се потенцира на усогласувањето – додаток на плата на вработените врз основа на минималната плата. Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на УПОЗ, работодавачот на подносителот – Општина Македонски Брод и синдикалната организација при Општина Македонски Брод, за дел од вработените кои не се членови на синдикатот им е ускратено правото за додаток на плата, согласно член 26 од Колективниот договор, според кој усогласувањето на плата важи само за членовите на синдикат. Според подносителот на претставката со таквото постапување неговиот работодавач врши дискриминација, а дополнително наведената одредба од Колективниот договор тврди дека е дискриминирачка. Во продолжение подносителот реферира на праксата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во вакви случаи, потенцирајќи дека Комисијата има укажано на потписниците на колективни договори дека одредба со ваква содржина е ништовна, поради тоа што е спротивна на законите и Уставот. Подносителот реферира и на укажување од Здружението на финансиски работници, според кое синдикатот и членовите на синдикатот имаат ексклузивитет на средствата кои ги собираат од синдикалната членарина, но не и на средствата кои се обезбедуваат од буџетот на државата и општините. Споменатите укажувања подносителот ги доставил до градоначалникот, претседателот на синдикат и раководителот на одделението за човечки ресурси, но и покрај тоа, тој тврди дека одбиваат да ги почитуваат. Подносителот потенцира дека претставката не ја поднесува исклучиво кон неговиот работодавач, туку и кон Синдикатот на УПОЗ, поради тоа што според него дискриминацијата потекнува токму од Синдикатот на УПОЗ, кој предизвикал дискриминација и повреда на достоинството на вработените.

За потврда на наводите од претставката подносителот во прилог доставил:

- Жалба до Агенција за администрација бр. 09 – 180/1 од 26.02.2024 година;
- Барање до градоначалникот на Општина Македонски Брод бр. 08 – 164/1 од 30.01.2024 година;
- Претставка до Државен инспекторат за труд бр. 09 – 17/1 од 07.02.2024 година и
- Колективен договор на Општина Македонски Брод.

На 27.02.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Барање за произнесување по наводите на претставката до Општина Македонски Брод и Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија (Синдикат на УПОЗ).

На ден 18.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на Синдикатот на УПОЗ. Со поднесокот се појаснува дека Синдикатот за работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ), Синдикалната организација при Општина Македонски Брод и Општина Македонски Брод во месец јануари 2024 година склучиле Колективен договор за вработените во Општина Македонски Брод, со кој во поднесокот се наведува дека биле утврдени поголеми права од работен однос од веќе утврдените со закон. Се појаснува дека на барање на членовите на Синдикалната организација при Општина Македонски Брод, а во договор со работодавачот, односно градоначалникот на Општина Македонски Брод, одредени права од Колективниот договор утврдиле да важат само за членовите на Синдикатот на УПОЗ. Воедно, известуваат дека согласно едивенцијата со која располагаат од вкупниот број на вработени само еден вработен не е член на Синдикатот на УПОЗ. Со поднесокот се тврди дека подносителот на претставката го оспорува членот 26 од Колективниот договор, од причина што единствено тој од вработените во Општина Македонски Брод не е член на Синдикатот на УПОЗ. Дополнително, тврдат дека подносителот од месец јули 2024 година ќе го остварува правото на пензија, па според нив тој не сака да одвојува средства за синдикална членарина, а од друга страна сака да ги ужива сите права кои произлегуваат од Колективниот договор. Поради тоа Синдикатот на УПОЗ смета дека наводите на подносителот за дискриминација се неосновани.

На 19.04.2024 година подносителот на претставката достави до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесок за дополнување на претставката. Со истиот достави Одлука на Агенцијата за администрација со бр. 09 – 180/4 од 12.03.2024 година, донесена по жалба на поднесителот изјавена по Решението за утврдување на плата на административен службеник бр. 04 – 207/4 од 23.02.2024, донесено од градоначалникот на Општина Македонски Брод. Од Одлуката произлегува дека Агенцијата за администрација ја уважила жалбата на го поништила Решението за утврдување на плата на административен службеник бр. 04 – 207/4 и го вратила предметот на првостепениот орган на повторно одлучување. Во образложението на Одлуката, Агенцијата за администрација утврдила: *„Првостепениот орган при носење на сега обжаленото Решение доследно ги применил одредбите за плата од Законот за административните службеници и член 14 став 1 од Општиот Колективен договор, односно му утврдил зголемување на основната бруто плата за 10 %. Но, изоставил да го примени и член 26 од Колективниот договор на Општина Македонски Брод , односно не му го утврдил додатокот на плата заради усогласување со минималната плата. Во однос на горенаведеното, Комисијата констатираше дека првостепениот орган постапил спротивно на одредбите од Колективниот договор на Општина Македонски Брод, од причина што, како и во другите законски одредбри, и во овој договор е наведено дека платите и надоместоците на плати на административните службеници се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија, во буџетите на единиците на локалната*

*самоуправа, како и од други извори на средства утврдени со закон. Законските одредби упатуваат и на тоа дека со Колективниот договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите и други прашања во врска со работниот однос на вработените кај работодавачот, а не само на членовите на синдикалната организација и дека членовите на синдикалната организација имаат поволности само на средства обезбедени од синдикалната организација. Па следствено на наведеното произлегува дека жалителот има право на додаток на плата заради пораст на минималната плата како вработен во Општина Македонски Брод, со оглед на тоа што според општата законска одредба поединечниот колективен договор ги обврзува – важи и за работниците кај работодавачот кои не се членови на синдикатот потписник на колективниот договор.“*

На 25.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна работодавачот на подносителот - Општина Македонски Брод. Во поднесокот се потенцира дека склучувањето на Колективниот договор е резултат на континуирани разоговори, уште од јуни 2023 година, а е официјализиран со негово потпишување како трипартитен документ на 26.01.2024 година. Тоа според нив укажува на долготраен процес во кој се водело сметка за сите поединечности во Колективниот договор, а за сметка на унапредување на работничките права на сите вработени. Конкретно, со членот 26 од посебниот колективен договор тврдат дека е регулирано право кое е незаконска категорија и кое право не може да се користи доколку не постои синдикално здружување. Во однос на подносителот, наведуваат дека тој влијаел кон другите колеги, убедувајќи ги да не се зачленуваат во синдикатот со образложение дека без разлика на членството, конкретното право се однесува на сите вработени. Од вкупно 48 административни службеници истакнуваат дека 47 од нив се членови на синдикатот при синдикалната огранизација на Општина Македонски Брод, со исклучок на подносителот на претставката. Во однос на подносителот наведуваат: *„Единствено тој не е член и своето нечленување го оправдува со ароганција дека цел работен век бил на страната на власта и дека никогаш не бил работник, туку претпоставен, а од друга страна гребе со нокти за да ги земе тие фамозни 2.800 денари и Ве уверуваме дека нема институција во нашата држава каде не ги запознал дека тој не зема, сите инспекции и разни комисии. Од друга страна се повикува и до Вашава институција дека е дискриминиран, а ние буквално сите го молевме да се зачлени и тој во синдикатот и да не прави проблеми, туку да биде колегијален со другите колеги кои уредно плаќаат членарина 1% од својата нето плата, но тој ем сака да не плаќа ем да зема поголема плата, прашуваме кој е тука дискриминиран тој или сите ние останати.“* Според работодавачот на подносителот, тој би бил дискриминиран доколку тие не му дозволуваат да пристапи кон синдикатот. Тие тврдат дека тоа не е колегијално, од причина што постојат вработени кои имаат дупло помала плата од неговата, а и покрај тоа редовно си ја подмируваат членарината, затоа што знаат дека само преку синдикатот може да се оствари конкретното право. Во врска со наводите од претставката дека синдикатот може да располага и има ексклузивно право на

средствата собрани од членарина, но не и на буџетските средства, истакнуваат: *„ние прашуваме дали средствата кои се буџетски треба да се трошат наменски на тие кои им следува или да се дава и на тие кои не им следува и да се трошат така како што посакува дотичниот господин расипнички, а за таа цел сметаме дека не се работи апсолутно за никакво дискриминирање, туку различен третман за рационално искористување на буџетските средства со кои располага Општина Македонски Брод.“* Истиот став истакнуваат дека го бранат пред сите институции пред кои подносителот се има обратено и дополнително доколку нивниот став не биде прифатен ќе поднесат инцијатива до Уставен суд на РСМ. Тоа од причина што според нив конкретното право не е законска категорија, односно не е право кое произлегува од закон, за тие да бидат во можност да го ускратат истото. Напротив, според нив се работи за категорија на право на надоместок за усогласување на минималната плата, кое право се искористува исклучиво пред синдикатот и синдикатот има право да се штити како здружение на граѓани кои се здружиле за да остварат некое право, кое инаку не можеле да го остварат. Од тие причини истакнуваат дека Синдикатот на УПОЗ има пишано клаузула во членот 48 од Колективниот договор, според која вработен кој како член на синдикат ќе искористи некој бенефит, особено финансиски, не може да се отчлени од синдикатот на денот на поднесување на барањето за раскинување на членство, туку дури по три години од денот на поднесување на барањето. Во однос на подносителот истакнуваат дека тој за три месеци заминува во старосна пензија и ќе ги искористи сите бенефиции од Колективниот договор кои се законски категории, а унапредени со Колективниот договор. Тврдат дека тоа е доказ дека Колективниот договор важи подеднакво за сите вработени кај работодавачот во однос на сите права што се законска категорија. Врз основа на изнесеното тврдат дека не е сторена дискриминација по ниту еден основ и предлагаат да се отфрли претставката како неоснована.

По утврдената фактичка состојба врз основа на наводите изнесени во претставката, Жалбата од до Агенција за администрација со бр. 09 – 180/1 од 26.02.2024 година, Барањето од . до градоначалникот на Општина Македонски Брод со бр. 08 – 164/1 од 30.01.2024 година, Претставката до Државен инспекторат за труд со бр. 09 – 17/1 од 07.02.2024 година, Одлуката на Агенцијата за администрација со бр. 09 – 180/4 од 12.03.2024 година, поднесокот за произнесување по претставката и Колективниот договор на Општина Македонски Брод, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека кон подносителот на претставката е извршена дискриминација од страна на неговиот работодавач. Комисијата при одлучувањето ги зема предвид претходната пракса по случаи со иста правна работа, а кои се однесуваат на дискриминација во работните односи врз основа на нечленување во синдикална организација, одредбите од Општиот колективен договор и особено следните одредби:

**Законот за работните односи во членот 6** стипулира општа забрана за дискриминација, која меѓудругото се однесува и на основот – членување во синдикати:

*„Работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.“*

**Членот 198** се однесува на забрана за нееднакво постапување поради синдикално членство или активности, а во **став 2** предвидува:

***„Членството во синдикатот и учество во активностите на синдикатот не смее да биде околност на која работодавачот ќе ја заснова одлуката за*** *склучување на договор за вработување, за промена на работата која работникот ја работи, односно местото на работа, стручното образование, напредувањето,* ***плаќањата****, социјалните надоместоци и престанок на договор за вработување.“*

Од друга страна, согласно **член 205, став 2 од Законот за работните односи:**

*„Општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во јавниот сектор.“*

Во однос на тоа кон кого се однесуваат поединечните колективни договори во **член 208, став 3 од Законот за работните односи** е предвидено:

***„Поединечниот колективен договор ги обврзува - важи и за работниците кај работодавачот кои не се членови на синдикат или на синдикатот - потписник на колективниот договор.“***

Во однос на правото на заработувачка на работникот, **членот 105 од Законот за работните односи** предвидува:

*„Работникот има право на заработувачка – плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.“*

**Во член 4, став 2 од Општиот колективен договор** се предвидува:

*„Со колективен договор на ниво на сектор, оддел или група, односно на ниво на работодавач и со договорот за вработување или решение,* ***не можат да се определат понеповолни права од правата утврдени со закон и овој колективен договор, а ако се определени, тие одредби се сметааш за ништовни и се применуваат одредбите од овој колективен договор и од закон.“***

**Колективниот договор на Општина Македонски Брод во член 2, став 2** го дава поимот на вработен во смисла на колективниот договор и предвидува:

*„Вработени во смисла на овој колективен договор се вработените кои засновале работен однос во Општина Македонски Брод, кои согласно Законот за административни службеници имаат статус на државни службеници, кои согласно Законот за инспекциски надзор имаат статус на инспектори, други вработени кои вршат помошно – технички работи кои немаат статус на административни сужбеници, а нивниот однос е регулиран со Законот за работните односи и привремено вработени согласно Законот за приватните агенции за вработување.“*

Во однос на опфатот и приментата на колективниот договор, **со член 3 од Колективниот договор на Општина Македонски Брод е предвидено**:

*„Овој колективен договор е задолжителен и ги обврзува работодавачот и вработените од членот 2 во неговата непосредна примена.“*

**Колективниот договор на Општина Македонски Брод во член 4** предвидел:

*„Со овој колективен договор се утедуваат поголеми и поповолни права од правата предвидени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за инспекциски надзор, Законот за работните односи и други закони, Општиот колективен договор за јавниот сектор и Гранскиот колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија, кои не се предвидени со наведените акти, ако тоа не е спротивно со закон.*

***Одредбите од овој колективен договор со кои се утврдени помали и понеповолни права од правата утврдени со законите и актите од ставот 1 на овој член се ништовни.***

***Со договорите за вработување и решенијата може да се утврдат поголеми и поповолни во обем на права за вработените, како и да се уредат прашања кои не се предмет на уредување на овој колективен договор.“***

**Спротивно на наведеното е одредбата од член 26, став 1 од Колективниот договор на Општина Македонски Брод, која всушност е и основа за понеповолниот третман кон подносителот на претставката за дискриминација од страна на неговиот работодавач. Одредбата предвидува кој ќе има право на додаток на плата заради усогласување со минималната плата, и тоа:**

*„На вработените во Општина Македонски Брод им се обезбедува додаток на плата заради пораст со минималнатата плата, а ова право ќе го користат само членовите на овој синдикат и ќе се утврдува на следниот начин...“*

Врз основа на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека тврдењето за дискриминација е веројатно поради тоа што подносителот докажа дека постои причинско – последична врска помеѓу нечленувањето во синдикатот и фактот што единствено кон него како вработен не се исплаќа додаток на плата заради усогласување со минималната плата. Воедно беше утврдено дека понеповолното постапување кон подносителот од страна на неговиот работодавач се заснова токму на фактот што тој не е член на синдикатот, како и врската помеѓу понеповолното постапување и штетата, односно повредата кон подносителот што се огледа во тоа дека работодавачот единствено кон него не го исплатил додатокот на плата. Последната врска ја потврдува и посочениот дискриминатор, односно работодавачот со тврдењето дека подносителот е третиран поинаку поради тоа што не е член на синдикатот и нему како вработен не би требало да му следи конкретниот додаток на платата. Од овие причини товарот на докажување дека не е сторена дискриминација, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација беше префрлен кон посочениот дискриминатор – Општина Македонски Брод, кој не успеа да ги побие тврдењата за дискриминација во работниот однос на подносителот. Оттука произлегува дека Општина Македонски Брод постапила понеповолно кон подносителот на претставката единствено поради нечленување во синдикална организација и како резултат на тоа не извршила усогласување на платата на подносителот. Со конкретното постапување е сторена дискриминација кон подносителот врз основа на нечленување во синдикална организација, во областа на работата и работните односи од страна на неговиот работодавач – Општина Македонски Брод, со исполнување на елементите од **дефиницијата за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Во случајот се утврдува **директна дискриминација од член 8, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во*

*фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*"

Од причина што дискриминација е вршена кон подносителот на претставката непрекинато, во подолг временски период се утврдува **продолжена дискриминација**, која во смисла на **член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се квалификува како потежок облик на дискриминација.**

Во однос на вториот посочен дискриминатор - Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија, Комисијата утврди дека како договорна страна на Колективниот договор на Општина Македонски Брод поттикнал не само предвидување на одредба како во член 26 од Колективниот договор на Општина Македонски Брод, туку и презел активности со кои се повикува и поттикнува извршување на дискриминација, односно нееднакво постапување кон вработени во јавниот сектор поради тоа што не се членови на синдикатот. Со такви активности Синдикатот повикува на прекршување на одредбите од Законот за работните односи и Законот за спречување и заштита од дискриминација и со тоа ги охрабрува работодавачите од јавниот сектор да вршат дискриминација кон вработените. Од тие причини кон посочениот дискриминатор - Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија **се утврди повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација во областа на членување и дејствување во синдикални организации, согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа."*

Врз основа на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди директна продолжена дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација во областа на работата и работните односи од страна на Општина Македонски Брод врз како и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација кон Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија во областа на членување и дејствување во синдикални организации.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Македонски Брод да ја отстрани дискриминацијата со тоа што ќе ја усогласи одредбата од член 26 од Колективниот договор и истата ќе овозможи еднаков третман кон вработените во однос на додатокот на плата заради усогласување со минималната плата, без разлика дали тие членуваат или не членуваат во синдикалната организација, вклучително и подносителот на претставката најдоцна **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Македонски Брод во иднина да не ги заснова одлуките во работните односи врз околноста – членување/нечленување во синдикат и еднакво да ги третира вработените независно од оваа или било која друга дискриминаторска основа.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија во иднина да се воздржи од активности со кои посредно или непосредно се повикува, поттикнува, охрабрува и дава упатство за извршување на дискриминација кон вработените во јавниот сектор.

Доколку Општина Македонски Брод и Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија не постапат согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

НАПОМЕНА: Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- Општина Македонски Брод со седиште на „7 – ми Септември" бр. 4, Македонски Брод
- Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија со седиште на ул. „Мирче Ацев" бр. 6, Скопје